Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *општество* за IV одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОПШТЕСТВО

IV Одделение

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се сочувува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни содржини

| ТЕМА: СЕМЕЈСТВО, ДОМАЌИНСТВО И ОПШТЕСТВО ( 24 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни содржини:**<br>1. Запознавање со учебникот, Тимска работа- обработка<br>2. Семеен живот - обработка<br>3. Семеен живот - вежби<br>4. Видови семејства - Потесно и пошироко семејство,<br>5. Родово стебло<br>6. Временска лента<br>7. Семејствата низ историјата и денес - обработка<br>8. Семејствата низ историјата и денес - утврдување<br>9. Улогите на родителите,старателите и децата<br>10. Правата и обврските на децата<br>11. Проектна наставна работа |

| |
|---|
| 12. Брачен живот и брачни улоги - обработка<br>13. Брачен живот и брачни улоги - утврдување<br>14. Ако сакаш да знаеш повеќе - утврдување и проверување на знаењата<br>15. Живот во домаќинството - обработка<br>16. Живот во домаќинството - Вежба<br>17. Планирање на домашниот буџет - обработка<br>18. Домаќинството и општеството - Сопственост<br>19. Домаќинството и општеството - Приватност<br>20. Домаќинството и општеството - Начин на информирање,<br>21. Домаќинството и општеството - Дневни весници обработка<br>22. Домаќинството и општеството - Дневни весници истражување<br>23. Домаќинството и општеството - Радио ,телевизија,Интернет,<br>24. Домаќинството и општеството - Медиуми |

| ТЕМА: ЖИВЕАЛИШТА И НАСЕЛБИ (20 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни содржини:**<br>1. Видови живеалишта и нивно одржување;<br>2. Видови живеалишта и нивно одржување - истражување<br>3. Мојот дом илустрација на живеалиштето<br>4. Соседството и соседските односи;<br>5. Бон тон, убаво однесување со соседите<br>6. Населби и институции во нив - обработка<br>7. Населбите и институциите во нив - вежби<br>8. Месна заедница - обработка<br>9. Разговор од посета на мојата месна заедница; |

10. Природни фактори и животот на населбата - обработка
11. Природни фактори и животот на населбата - вежби
12. Определување страните на светот во населените места - (картографско описменување).
13. Релјеф-рамнини и височини;
14. Релјеф на географска карта
15. План на градот
16. Ориентација и читање на географска карта;
17. Картографски знаци
18. Проблеми во мојата населба;
19. Прикажување на можните проблеми во населбата: загаденост, бучава, сообраќајни проблеми;
20. Утврдување и проверување на знаењата

| ТЕМА: ОПШТИНА ( 20 ЧАСА) | |
|---|---|
| 1 | **Наставни содржини:** |
| 2 | Проблемите во мојата населба - обработка ; ЕКО Влијанието на човекот врз средината - уредување |
| 3 | Општина |
| 4 | Локалната заедница и локалната самоуправа -обработка |
| 5 | Локалната заедница и локалната самоуправа - истражување |
| 6 | Општини во РСМ - вежби |
| 7 | Граѓанин - обработка |
| 8 | Органи на општините - обработка |
| 9 | Граѓанин,Органи на општините - утврдување |
| 10 | Економскиот живот во општината - обработка |
| 11 | Економскиот живот во општината - вежби |
| 12 | Фирми и претпријатија - обработка |
| 13 | Фирми и претпријатија - симулација на бизнис зделка |

| | |
|---|---|
| 14 | Работа, вработување, денари ,трговија - обработка |
| 15 | Комунални дејности - обработка |
| 16 | Економскиот живот во општината - утврдување |
| 17 | Културниот живот во општината |
| 18 | Симболи на локалната заедница |
| 19 | Демократскиот живот во општината, Демократија - обработка |
| 20 | Јавни прашања и проблеми во општината - обработка |
| 21 | Невработеност ,зависност и насилство - проект |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Ефикасната реализација на наставните содржини во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *општество* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Исто така, можат да се користат и работилниците од програмата за образование за животни вештини. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по општество се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.
Заради природата на наставната програма која ќе се реализира во 64 часа особено е важно во текот на наставата редовно да се следат и вреднуваат постигнувањата на учениците, да се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење соработката со другите и најважно да добиваат повратна информација за сето тоа во текот на учењето. Оваа компонента

треба да биде составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето а е базирана на претходните знаења и искуства од постифнувањата на ученикот

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *општество* за четврто одделение на деветгодишното основното образование ја утврди Министерот за образование и наука за учебната 2020/2021 година.

Арх. Бр. 12-8424/184 Министер за образование и наука

16.09.2020 Мила Царовска